Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **германски јазик (втор странски јазик) за VI шесто** одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Скратена
# Наставна програма

## ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
## Втор странски јазик

**VI (шесто) одделение**

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2020 година**

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет **германски јазик (втор странски јазик)** се базира на очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови со времетраење на час од 30 минути , при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот/наставничката при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми [1]

| Тема: Први контакти ( 21 часа ) |
|---|

| Тема: Опкружување ( 21 часа ) |
|---|

| Тема: Слободно време ( 22 часа ) |
|---|

## 3. Дидактички препораки

**Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените очекувани резултати на редовната наставна програма за VI (шесто) одделение од основното образование со помош на оваа скратена наставна програма, која ќе биде патоказ за најбитните елементи кои треба да се опфатат. Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет германски јазик (втор странски јазик) е редовната наставна програма (резултати од учење, содржини и поими, предложените активности методи и стандарди на оценување).**

Во скратената програма за шесто одделение се земени предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во ова одделение, односно се почитува принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините, со акцент на интегрираното поврзување со содржините од мајчиниот јазик.

Во фокусот на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот/наставничката не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување знаења. Неговата/нејзината улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.

---

[1] Во однос на дадените теми и понудениот број на часови за истите, наставникот/наставничката прави проценка за начинот и длабочината на обработка на секоја тема поединечно, притоа земајќи го предвид интегрираниот и избалансираниот пристап при изучување на сите јазични елементи.

При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички), на различните видови интелигенција (вербално-јазична, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно-просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.

Треба да се има предвид дека применувањето различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална или работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и алтернативната примена на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периоди на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење.

Наставата по германски јазик треба да се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците со што наставникот/наставничката ќе ги интегрира различните компоненти, а јазикот ќе се учи на функционален начин.

Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Новите содржини се усвојуваат во контекст по индуктивен пат. Постепено се воведува метајазикот соодветена возраста и нивото на познавање на јазикот. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација.
Ученикот/ученичката се поттикнува да го открива функционирањето на германскиот јазик преку примери чие анализирање ќе му помогне да изведе соодветни заклучоци, како и преку споредба со мајчиниот јазик и со други јазици што ги изучува.

Освен ова, се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: *слушање* и *читање* со разбирање, *зборување*, како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината *пишување*.

Наставникот/наставничката треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по германски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични компетенции и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.

Од наведеното произлегува дека наставникот/наставничката треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата.

Наставникот/наставничката треба да ги запознава учениците со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат на повисоките нивоа на учење.

Од наставникот/наставничката се очекува да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење.

Наставата се изведува во најголем дел на германски јазик, а мајчиниот јазик се користи онаму каде што е неопходно: за проверка на разбирањето зборови / реченици, за олеснување на преносот на знаење, кога е тоа неопходно, за давање упатства за активностите на почетното ниво на учење на јазикот, при запознавање со социокултурните особености на другите култури и за правење споредби меѓу мајчиниот и германскиот јазик.

Во рамки на фондот на часови предвиден со оваа скратена наставна програма се препорачува задолжително изучување на сите јазични компоненти (граматички структури, лексички единици и јазични функции) во рамките на секоја тема. И покрај тоа што при изучувањето на странските јазици постои интегрираност на јазичните компоненти и јазичните вештини (слушање и читање со разбирање, говорно изразување и пишување), се препорачува наставникот/наставничката да стави акцент и на јазичните вештини односно одредена јазична вештина за која ќе процени дека е важна за усвојување на содржините и поимите, посебно да ја обработи. Интеркултурните содржини се препорачува да се усвојуваат преку слични содржини. Часовите предвидени со редовната наставна програма за увежбување на изучените содржини да бидат редуцирани, а активностите да бидат интегрирани во часовите предвидени за новите наставни содржини. Во поглед на методите и активностите се препорачува нивна редукција односно избор од најефективни методи и активности за усвојување на дадената содржина и прилагодени на времетраењето на наставниот час од 30 минути. Особено важно е при изучувањето на вториот странски јазик со кој се среќаваат учениците за првпат во VI одделение, наставникот/наставничката да обрне внимание на фонетиката (изговорот и акцентот) и истата да се обработува синхронизирано со другите компоненти и вештини, а не засебно како во редовната наставна програма.

**Би требало да се напомене дека во оваа скратена програма по германски јазик дадениот број на часови по одделни теми може да се менува , односно му/и се остава слобода на наставникот/наставничката за начинот на организацијата на наставата и на часовите, преку поврзување со веќе наученото, како и фузирање на наставни единици.**

### 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **германски јазик (втор странски јазик)** за **шесто** одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Бр.12-8424/46 Министер за образование и наука

16.9.2020 Мила Царовска